Врз основа на чл. 22 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а согласно чл. 21 ст.1 т. 16 од Статутот на општина Радовиш,

Советот на општина Радовиш на седница одржана на 22.12.2014 г., донесе

ПРОГРАМА
За одржување и користење на паркови и други јавни површини во општина Радовиш за 2015 год.

Ред.бр.	опис	површина во m^2
1	Градски парк (Ловен дом)	21.000
2	Градска река (корито)	18.000
3	Парк триаголник на ул. "Илија Алексов "	60
4	Парк Марди спроти судот	500
5	Парк на младите	800
6	Кружен тек на ул. "22 Октомври "	50
7	Спомен паркот – спроти Центар за култура	100
8	Тревнат појас пред стоковна куќа	150
9	Парк пред зградата на судот	600
10	Одржување на дрворедите	6000
11	Игралиште позади судот	300
12	Паркот Липа на ул. " Бел Камен "	150
13	Зелени површ.на шеталиште " св.Спасо Радовишки"	100
14	Зелени површини околу станбените згради	9000
15	Мало булеварче на ул."Плачковица "	100
16	Парк пред зградата на о. Радовиш	150
17	Парк кај споменикот на загинатите и прогонуваните борци	50
18	Парк под јаворот	100
19	Жардинериите низ центарот на градот	40
20	Зелен појас пред етно-музејот	10
21	U NICEF	50
22	Тротоари на ул." Плачковица"	1000
23	Триаголник пред болницата на Белушкови	40
24	Рибичката	30
25	Стар влез на градот од Плавања – Монопол	600
26	Патот од стара бензинска – бензинска Мак петрол	500
27	Спортска сала во Радовиш	1500
28	Зелена површина околу Оравичкото манастирче	4800
29	Зелена површина на стрелиштето	3400
30	Бул. "А. Македонски "	3300
31	Круж. ток на бул. А. Македонски со ул. I Алексов	180

1. Градски парк (Ловен дом)

Кој е со најголема површина од 21000 м^2 во нашиот град и бара постојани активности како на одржување на постоечката структура, тревни и цветни површини, дрва и др.

Во него се одвиваат следниве активности : чистење од фрлено ѓубре од несовесни граѓани, косење со грбна моторна косачка, поткастрување на долните гранки на дрвјата нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија , сечење на исушените дрва нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија ,чистење на израстени џбунови, садење на нови дрвца, прскање со препарат против плевел, чистење на патеките од трева и плевел, чистење на паднати исушени лисја во есента товарање и транспортирање до градска депонија со трактор, одржување на хигиената на корпите за отпадоци и др.

2. Градска река

Коритото на градска река од 18000 м^2 се протега по должина по целиот град , со тоа значи дека за одржување имаме од мостот Бриони – место до каде има изградено камено корито до последните куќи кај Голд Мак.

Во него се одвиваат следниве активности : прскање со препарат против плевел на тревата и троскот по каменестите странични ѕидови на коритото,чистење на истите и нивно отстранување , чистење на фрлен отпад од несовесни граѓани ,косење со моторна косачка, чистење на израснати џбунови со триор и секира, нивно товарање и отстранување со трактор и транспортирање до градската депонија, чистење на столбовите на мостовите и целосно коритото од наноси од поројните дождови, нивно товарање во приколка од трактор и транспортирање до градската депонија, чистење на паднати исушени лисја во есента од дрворедите по кејот и др.

3. Парк триаголник на ул."Илија Алексов "

Со површина од 60 m2 е мало место ,но бидејќи е над асфалтирана површина имаме мака кога станува збор за наводнување затоа што бргу испарува водата .

Во него се одвиваат следниве активности: наводнување со цистерна или црево, плевење , кубење на старото цвеќе, садење на ново сезонско цвеќе, прашење на цвеќињата , прихранување , чистење од фрлен отпад и др.

4. Парк Марди спроти судот

Паркот е со површина од 500 m2 и е нов односно реновиран и пренаменет како детски забавен парк.Во него има поставено детски играчки ,потоа има поставено клупи за седење и корпи за отпадоци чија хигиена треба да се одржува . Тревнатата површина се коси со моторна косачка , се прихранува, се чисти од фрлен отпад од несовесни граѓани , се сечат ниски гранки и стари суви дрвја и се врши нивно заменување со нови дрвца,собирање на суви паднати листови во есен, се наводнува со црево.

5. Паркот на младите

Паркот е со вкупна површина од 800 m2 и во него има добар амбиент за одмор на клупите и релаксација под сенките од дрвјата затоа што во него се одржуваат голем број на настани.Во него има споменици на паднати борци ,две фонтани а едната е за пиење вода ,дел со патеки, зелени делови и цветен дел. Тревата се коси со моторна грбна косачка, се потхранува периодично,се врши чистење на патеките од

плевел, прскање против плевел,одржување на кантите за ѓубре, сечење на стари исушени дрва и транспортирање до градската депонија отстранување на ниски гранки ,засадување на нови дрвца,кастрење на ниски гранки,чистење на суви лисја во есен,садење на нови цвеќиња и отстранување на старите ,прашење и прихранување ,чистење на фрлен отпад,наводнување со црево,отстранување на ѓубрето од кантите за отпадок.

6. Кружен тек на ул. " 22 Октомври "

Вкупната површина е 50 m2 и е мешан простор со сезонско цвеќе и трева.
Во него се одвиваат следниве активности : наводнување со црево, косење на трева со грбна моторна косачка надворешниот дел , а внатрешниот со косачка на туркање , прихранување на тревата и на цвеќињата, прашење на цвеќињата, кубење на старото цвеќе , трипати садење на ново сезонско цвеќе за 6 ти ноември,за 8ми март и во мај –јуни летни цвеќиња, кубење на трева и плевел околу ивичњаците, чистење од фрлен отпад.

7. Спомен парк-спроти центарот за култура

Со вкупна површина од 100 m2 и во него се одвиваат следниве активности: чистење на фрлен отпад, косење со грбна моторна косачка, сечење на стари исушени дрва и нивно собирање и транспортирање до градската депонија,засадување на нови дрвца, кастрење на ниски гранки кој сметаат на минувачите и сообраќајните знаци собирање и транспортирање до градска депонија со тракторска приколка, чистење на паднати суви лисја во есента.

8. Тревнат појас пред зградата на стоковната куќа

Местото е со вкупна површина од 150 m2 и на неа се врши косење со грбна моторна косачка ,наводнување во летниот период со цистерна или црево,чистење од фрлен отпад.

9. Парк пред зградата на судот

На површина од 600 m2 се врши косење на тревата со грбна моторна косачка, сечење на ниски гранки и на суви дрвја и отстранување на собраните гранки и дрвја со приколка од трактор и транспортирање на градската депонија, чистење на фрлен отпад,собирање а паднати лисја во есента.

10. Дрвореди по кејот и по булеварот

Сета површина е околу 6000 m2 и се распоредени по должината на кејот на радовишка река од двете страни и по целата должина на булеварот пак од двете страни . Тоа бара постојано одржување и тоа : Во зимскиот период -кастрење на ниските гранки кој сметаат на постојаните минувачи и поставените сообраќајни знаци нивно собирање и транспортирање до градската депонија со тракторска приколка, сечење на стари и исушени дрвја нивно отстранување и транспортирање и заменување со нови садници,собирање и отстранување на паднати исушени лисја во есен, чистење на треви, расчистување на израстоци по стеблото на дрвата и др.

11. Игралиште позади судот

Овој простор од 300 m2 се коси со моторна грбна косачка ,околу оградата и празниот простор, се чисти од фрлен отпад од несовесни граѓани.

12 Паркот Липа на ул. "Бел камен "

Паркот е со површина од 150 m2 и е со нови патеки и дел со детски играчки , а дел е засеан со нова трева која треба да се одржува и тоа : заради нерамниот терен косењето се врши со моторна грбна косачка, одржување на патеките нивно чистење од плевел,наводнување со црево, прихранување по потреба, чистење на отпад, кастрење на ниските гранки нивно собирање и фрлање , собирање на суви паднати лисја од дрвјата ,сечење на стари дрва и нивно заменување со засадување на нови дрва.

13. Зелени површини на шеталиште " св.Спасо Радовишки "

Зелените површини се распоредени на неколку места и се со вкупна површина од 100 m2,едните се само тревнати ,а на едното место има засадено и сезонско цвеќе (тоа е местото кај семкарницата.). Површините се окопуваат ,прихрануваат, косат со моторна грбна косачка, се чистат од фрлен отпад, се врши собирање на суви лисја од дрворедите по улицата,се отстрануваат старите и се садат нови сезонски цвеќиња,се прихрануваат,прашат и чистат од отпад.Сета површина се наводнува со црево.

14. Зелени површини околу станбените згради

Во оваа површина се вбројуваат површините околу сите згради и пред нив и позади нив и тоа 9000 m2 . На нив се врши косење со грбна моторна косачка , се чистат од фрлен отпад , се собираат паднати лисја во есента од дрвјата се товараат и транспортираат со тракторска приколка.

15. Мало булеварче на ул."Плачковица "

Тоа е со површина од 100 m2 и во него се одвиваат следниве активности : косење со грбна моторна косачка, чистење на ивичњаците од плевел , наводнување со цистерна во топлите денови , отстранување на откосената трева , чистење од фрлен отпад .

16. Парк пред зградата на о. Радовиш

На оваа површина од 150 m2 има засадено дел со сезонско цвеќе и дел со трева. Таму се врши : косење на тревата со моторна косачка на туркање ,отстранување на старо цвеќе и засадување на ново сезонско цвеќе во текот на цела година ,прашење и плевење околу цвеќињата , прихранување и на тревата и на цвеќињата, чистење на фрлен отпад, чистење на плевел по патеките , наводнување со црево, сечење на стари и замена со нови дрвца, собирање на суви лисја во есента и др.

17. Парк кај споменикот на загинатите и прогонуваните борци

Паркот е со површина од 50 m2 и во неа се извршуваат следниве активности: косење на трева со грбна моторна косачка , чистење на патеките од плевел, по потреба периодично прихранување на тревата, чистење на фрлен отпад од несовесни граѓани, наводнување со цистерна , собирање на суви лисја од дрвјата и нивно отстранување.

18. Парк под јаворот

Паркот е со површина од 100 m2 и во него се врши : косење на трева со грбна моторна косачка , чистење на фрлен отпад, собирање на суви лисја во есента, чистење на патеки од плевел .

19. Жардинериите низ градот

Со површина од 40 m2 во нив се врши садење на сезонско цвеќе за 6ти ноември, за 8ми март и мај – јуни со летно цвеќе, прихранување, кубење на трева, отстранување на старо цвеќе,чистење на отпад, наводнување со цистерна,копање на засадените цвеќиња.

20. Зелена површина на скалите кај етно-музејот

Со површина од 10 м^2 се окосуваат со грбна моторна косачка,се чисти од отпад.

21. UNICEF

Површина околу 50 м ^{2}. На површината пред просториите на седиштето на UNICEF се коси тревата со грбна моторна косачка.

22. Тротоари на ул."Плачковица "

Бидејќи тротоарите не се доправени односно не се поплочени и израснатата трева се коси со грбна моторна косачка. Тоа е површина од малото булеварче до триаголникот кај Белушкови .Освен косење овде се врши и прскање со препарат и чистење на плевелот по ивичњаците.

23. Триаголникот пред болницата на Белушкови

На овој простор од 40 m2 се одвиваат косење со моторна грбна косачка,чистење на ивичњаците од плевел, чистење на отпад и наводнување со цистерна во најтоплите летни денови.

24. Рибичката

Е место со 30 m2 во кој има поставено неколку клупи , паркче во вид на рибичка со фонтана во кое има засадено сезонско цвеќе и во него се одржуваат разни манифестации.На цвеќињата се врши замена на старите со нови цвеќиња, окопување ,прихранување,наводнување со цистерна, се чисти фрлен отпад, кубење на тревата израстено меѓу цвеќињата.

25. Стар влез на градот од Плаваја – Монополот

Тоа е нов вметнат простор od 600m2 во оваа програма на кој се одвива :
Косење на тревата со грбна моторна косачка , чистење на израснати џбунови и капини .Воедно се коси тревата и на триаголникот во непосредна близина на старата бензинска.

26. Патот од стара бензинска – бензинска Мак петрол

И оваа површина е ново вметната во овогодишната програма od 500 m2на која се одвиваат следниве активности :
Косење на трева со грбна моторна косачка, расчистување на израснати џбунови и капини до канафките по магистралниот пат.

27. Спортска сала во Радовиш

После реновирањето спортската сала стана место кое го посетуваат како младата така и постарата популација.Не само за гледање на спортски натпревари туку и за спортување.Со сета надворешна убавина (одржување на зелените површини од 1500 m2 мислам дека ќе плени уште повеќе посетители . Во ова одржување спаѓа:

косење на тревата со грбна моторна косачка ,собирање на окосената трева и нејзино отстранување.

28. Зелена површина околу Оравичкото манастирче
Целата површина што е околу 4800 m2 еднаш годишно по налог на Собранието се коси со грбна моторна косачка по повод празникот на манастирот св. Горгија.

29. Зелена површина на стрелиштето
Целата површина околу 3400 m2 по налог на Собранието се коси со грбна моторна косачка.

30. Булевар " Александар Македонски" bez sredi[en del
По должината од 3300 m2 на целиот булевар се вршат овие активности: прскање со хемиски препарат против плевел на местата каде има израстено нивно чистење и отстранување ,наводнување на дрворедите и тревата со цистерна и со систем капка по капка таму каде има поставено, косење на трева со грбна моторна косачка , метење на искосената трева од асфалтот,сечење на исушените дрвца нивно отстранување и заменување со нови,чистење на фрлен отпад од несовесни граѓани, прихранување на тревата и дрвцата , расчистување на џбунови, и др.

31. Кружен тек на бул. " А. Македонски " со ул."Илија Алексов "
Површината му е 180 m2 со приклучок за вода и се наводнува со црево и со распрскувачи , има убави сезонски цвеќиња наредени во неколку кругови кој се окопуваат ,наводнуваат, прихрануваат, заменуваат старите со нови,се чистат од отпад, а додека тревата се коси со моторна косачка на туркање ,се прихранува,наводнува ,се гребули откосената трева и се фрла , се прскаат ивичнаците со препарат против плевел.
Цените за поединечните активности се пресметани по одлука на Советот на општина Радовиш бр. 07- 1564/1 од 26.08. 2014 год. за ценовникот на ЈП "Плаваја" – Р.Е. " Паркови и зеленило" Радовиш.
Вкупно сите 31 позиции од табелата = 3.000.000 ден
Под одржување се подразбира :
1.Косење на тревата, гребулење на искосената трева, наводнување на тревата, чистење од фрлен отпад од несовесни граѓани, негово ѓубрење ,посејување на трева на места каде не е добро порасната.
2.Поткастрување на ниски гранки на дрвјата во парковите, дрворедите по улиците ,на булеварот и по течението на градска река , сечење на суви гранки,отстранување на исушени садници ,садење на нови дрвца,варосување на долниот дел на стеблото,собирање на паднатите лисја во есента и нивно отстранување ,кроење на дрвјата и нивно наводнување .
3.Создавање на расаден материјал од сопствено производство на сезонско цвеќе (темјанушки, џунџулиња и др.)со нивно одржување – наводнување,расадување, ѓубрење ,заштитување со употреба на инсектициди....садење на цвеќињата,нивно прашење , отстранување на старите цвеќиња и садење на нови цвеќиња во текот на целата календарска година ,наводнување на цветните алеи.
4.Собирање на косената трева и поткастрените гранки и нивно транспортирање со трактор.
5.Чистење на патеките по парковите од плевел,трева и др. нивно отстранување и транспортирање , нивно прскање со хемиски препарат и чистење на снег во зимскиот период.

Со навремено извршување на овие обврски и задачи се постигнува континуитет и квалитет .
За уште по ефективно и целосно извршување на работите потребно е :
Подобар начин на наводнување (систем капка по капка) , поголем број на квалитетно обучени луѓе ,создавање на поголема свест на граѓаните за одржување на хигиената (не фрлање на отпад во засеаните и засадените површини, поквалитетна расположлива механизација).

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Радовиш„.

Бр. 07-2333/2
дата 22 Декември 2014 г.
Радовиш

Совет на општина Радовиш
Претседател
Николчо Миовски

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА "СОВЕТ НА ОПШТИНА" ОПШТИНА РАДОВИШ